**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 27.10.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 5239 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 12 до 21 октомври 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 27 октомври 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*“).
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*“).
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Во десетдневниот период од 12 до 21 октомври, анализирани се исто толку изданија на централната дневно-информативна емисија на ТВ Шења, емитувана во 18:55 часот. Вкупното време на анализираните прилози е 3 часа 4 минути и 5 секунди. Претежно информативните жанрови (вест, вест во низа, извештај,

извештај со коментар) изјави, се застапени со 2 часа 57 минути и 26 секунди (Табела 1). Преостанатите 6 минути и 39 секунди се новинарски осврти.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ Шења | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Беса | 00:08:03 | 4,54 | % |
| НДП - Национална демократска преродба | 00:03:04 | 1,73 | % |
| Унитети | 00:02:35 | 1,46 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:18:34 | 10,46 | % |
| ДПА-ДР | 00:02:35 | 1,46 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:05:57 | 3,35 | % |
| СДСМ | 00:04:13 | 2,38 | % |
| Собрание на РМ | 00:09:21 | 5,27 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:04:53 | 2,75 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:02:55 | 1,64 | % |
| Демократски сојуз | 00:01:13 | 0,69 | % |
| Без субјекти | 00:22:20 | 12,59 | % |
| Влада на РМ | 00:16:30 | 9,30 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:16:23 | 9,23 | % |
| Други субјекти | 00:17:42 | 9,98 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:01:40 | 0,94 | % |
| Граѓански сектор | 00:08:08 | 4,58 | % |
| Специјално обвинителство | 00:06:51 | 3,86 | % |
| Судство | 00:07:04 | 3,98 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:06:36 | 3,72 | % |
| Локална самоуправа | 00:04:38 | 2,61 | % |
| НДП - Весел Мемеди | 00:00:15 | 0,14 | % |
| Опозициски совет | 00:01:14 | 0,70 | % |
| ДИК и други органи | 00:02:08 | 1,20 | % |
| Јавно обвинителство | 00:00:44 | 0,41 | % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:01:50 | 1,03 | % |
| | **Вкупно: 02:57:26** | 100 | % |

Трите првозастапени субјекти заедно заземаат околу една третина од времето на анализираните прилози. Два од нив, оние кодирани како „Без субјекти" и „Други субјекти" се повторно меѓу најзастапените три, со таа разлика што во однос на претходниот извештаен период им се сменети местата, сега најзастапени се субјектите кодирани како „Без субјекти", а „Другите субјекти" се трети по застапеност, после „Експерти/аналитичари".

Неколкуте новинарски прилози со социјална тематика во коишто се говори за тешките услови за живот со коишто е соочено скопското семејство Лековиќ, иселувањето на младите на Исланд од економски причини, животот на семејствата од поплавените подрачја како и за проблемите на семејството Мемети, коешто е соочено со напади од волци на стоката што ја чуваат, а коишто временски во просек зафаќаат по повеќе од три минути, се главните „виновници" за застапеноста на субјектите категоризирани како „Без субјекти". Овие неколку прилози, зафаќаат повеќе од половина од времето одвоено за оваа категорија

субјекти. Медиумот емитува и два прилога во коишто главните соговорници се граѓаните. Станува збор за анкети, во коишто телевизијата го пренесува мислењето на случајните минувачи во врска со тоа колку се задоволни од работата на досегашниот парламентарен состав, во едниот случај, и во вториот случај, бара мислење на јавноста во врска со уривањето на мост во Тетово, кој е културно наследство. Тука се и прилозите поврзани со кандидатите за полицајци, коишто протестираа пред министерствата за внатрешни работи и за финансии, за коишто медиумот известуваше и ги пренесуваше нивните изјави.

Застапеноста на категоријата „Експерти/аналитичари" се должи на прилозите што телевизијата ги емитуваше како извадок од информативната емисија „Арена" во којашто гостуваат често експерти или аналитичари. Во рамки на вестите, се пренесени дел од изјавите на гостите и оттука во овој извештаен период оваа категорија субјекти е второрангирана според временската застапеност во вкупно анализираните прилози. Надвор од прилозите емитувани во вестите, поврзани со емисијата „Арена", ТВ Шења ставот на експертите/аналитичарите го пренесе во прилозите коишто се однесуваат на: недефинираните изборни единици, приближувањето на СДСМ кон албанското гласачко тело, Конференцијата за предизвиците пред кој се исправени жените од Балканот, за очекувањата од претстојната посета на еврокомесарот Хан итн.

Со процентуална застапеност од 10% (околу 18 минути) следуваат субјектите кодирани како „Други субјекти", а овојпат во оваа категорија влегуваат: Универзитетот „Мајка Тереза", новинари, Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Стопанска комора на Македонија, Стопанска комора на северозападна Македонија, Регулаторна комисија за енергетика, клиника „Медика"-Тетово, адвокати, Тетовски универзитет и др.

Со иста застапеност од по 16 минути следуваат „Влада на РМ" и „Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари". Известувањето за претставниците на Владата се однесува на нивните редовни активности.

Во анализираните прилози, телевизијата извести за активностите на 12 политички субјекти. Ставовите по одредени прашања, посредно или непосредно (со отстапен простор за директно обраќање), подредени според временската застапеност, се пренесени на следниве субјекти: Беса, ВМРО ДПМНЕ, ДУИ, СДСМ, НДП, ДПА, Унитети, ДПА – ДР, Коалиција Унитети, ДПА-ДР и НДП на Весел Мемеди, Опозициски совет, Демократски сојуз и НДП на Весел Мемеди.

Емитувани се два новинарски осврта, со вкупно времетраење од 6 минути и 39 секунди. „Нередефинирање на изборните единици – изборите се несигурни" е насловот на едниот, кој трае 3 минути и 26 секунди, а вториот „Хронологија – мандат што почна и заврши со проблеми" трае 3 минути и 13 секунди. Телевизијата известува со неутрален тон и рамка.

***Табела 2: Директни обраќања на субјектите***

| ТВ Шења | Траење | Процент |
|---|---|---|
| Беса | 00:03:51 | 7,82 % |
| НДП - Национална демократска преродба | 00:00:50 | 1,69 % |
| Експерти/аналитичари | 00:10:30 | 21,33 % |
| ДПА-ДР | 00:01:26 | 2,91 % |
| СДСМ | 00:01:56 | 3,93 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:03:21 | 6,80 % |
| Други субјекти | 00:06:14 | 12,66 % |
| Влада на РМ | 00:04:47 | 9,72 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:01:32 | 3,11 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:02:05 | 4,23 % |
| Граѓански сектор | 00:02:53 | 5,86 % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Специјално обвинителство | 00:02:41 | 5,45 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:01:38 | 3,32 | % |
| Локална самоуправа | 00:00:33 | 1,12 | % |
| Унитети | 00:00:58 | 1,96 | % |
| Собрание на РМ | 00:00:56 | 1,90 | % |
| Судство | 00:00:32 | 1,08 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:01:08 | 2,30 | % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:00:57 | 1,93 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:00:26 | 0,88 | % |
| | **Вкупно: 00:49:14** | 100 | % |

Како и претходниот пат, најзастапена категорија субјекти, според отстапеното време за директни обраќања, е Експерти/аналитичари, со удел од 1/5 во вкупното време одвоено за непосреден контакт со гледачите. Следуваат директните обраќања на: „Други субјекти", „Влада на РМ", политичката партија Беса итн.

## ***Посебни информативни емисии***

### *Дебатни емисии*

Емитувани се пет премиерни дебатни изданија, сите во рамки на емисијата „Арена" и 10 репризни емитувања, дел на премиерните дебати од овој извештаен период, дел од претходниот период (од 2 до 11 октомври).

На 12 октомври, во студиото на ТВ Шења, гостуваа аналитичарот Исмет Рамадани, новинарот Џенис Сулејмани и претставникот на политичката партија Беса, Африм Гаши. Коалицирањето на партиите од албанскиот политички блок, беше работната тема на којашто се дискутираше. Емисијата е репризирана уште три пати, на 13, 16 и 17 октомври.

Изданието од 13 октомври е повторно со еден претставник од политичка партија, Фадил Зендели од НДП, и двајца аналитичари, Рамадан Рамадани и Ибрахим Мехмети. Се дискутираше за соработката на опозициските партии од албанскиот политички блок. Емитувани се две репризи, на 14 и 16 октомври.

На 18 октомври, своите ставови во рамки на емисијата „Арена", ги сопоставија аналитичарите Агим Јонуз и Ристо Никовски и претставникот на Беса, Зеќирја Ибраими, коишто дискутираа за барањето на претседателот на ВМРО ДПМНЕ за 63 пратеници со цел да се спречи редефинирањето на државата. Наредниот ден, 19 октомври, емисијата е репризирана.

Четвртото премиерно дебатно издание на емисијата „Арена" е емитувано на 19 октомври. Поранешниот пратеник Мухамед Халили и новинарот Милаим Латифи гостуваа во студиото на ТВ Шења, а разговараа за улогата на пратениците Албанци во македонското Собрание. Оваа дебата е репризирана на 20 октомври.

Во вечерните часови, во редовниот термин од 22.30 часот, на 20 октомври е емитувано последното премиерно дебатно издание во петтиот извештаен период. Новинарите Бухар Дарлишта и Љубиша Станковиќ разговараа за случувањата поврзани со Специјалното јавно обвинителство и последните два случаи што ги отвори ова обвинителство, „Топлик" и „Тендер".

Емитувани се и три репризни изданија на емисијата „Арена", од 11 октомври, реализирани во рамки на претходниот, четврти по ред извештаен период, во којашто гостуваа Зијадин Села од ДПА-ДР и новинарите Исен Салиу и Беким Љачи.

*Друга информативна програма*

Во петтиот извештаен период, од 12 до 21 октомври, ТВ Шења емитуваше две премиерни изданија на информативната емисија „Траги" и едно репризно издание. Емисијата од 14 октомври е посветена на политичарите коишто извршуваат по две функции и колку тоа е во спротивност со законот. Посебен акцент во емисијата е ставен на случајот со политичарот на ДУИ, Артан Груби, којшто беше пратеник од оваа партија и во исто време професор на Тетовскиот универзитет. Медиумот во врска со темата на емисијата пренесува изјави на претставници на ДКСК, Транспарентност Македонија, а била побарана изјава и од пратеникот Груби, но не одговорил на повиците на медиумот. Емисијата е репризирана наредниот ден, 15 октомври.
Второто издание на „Траги" е емитувано на 21 октомври. Пријавувањето корупција и мито и соработката по овие прашања со надлежните органи, е тема на емисијата.

Едно премиерно и едно репризно издание беа емитувани на емисијата „Економикс", којашто се занимава со обработка на економски теми. Премиерното издание на колажната економска емисија беше емитувано на 18 октомври, а репризата ден потоа, на 19 октомври. На 12 и 13 октомври беа емитувани две репризни изданија на емисијата од 11 октомври, реализирана во рамки на претходниот извештаен период, кадешто гостин во емисијата беше Билал Кара, претставник на Турската стопанска комора во Македонија, МУСАИД.

На 16 октомври е емитувано едно премиерно издание на информативната емисија „Неделно ретро" (Retro javore) и две репризни изданија, емитувани на 17 и 18 октомври. Емисијата е составена од прилози за настани што се случиле во текот на претходните денови.

***Сектор за програмски работи***